Бр. 20-2837/24
12.05.2020 година

Република Северна Македонија
Министерство за здравство

Друштво за трговија и услуги
СОНИКС АНАСТАСИЈА ДООЕЛ увоз-извоз
Бр. 33/1
12.05 2020 год.
Скопје

# ДОГОВОР
## ЗА ЈАВНА НАБАВКА НА СТОКИ

## I. ДОГОВОРНИ СТРАНИ

**А. Министерство за здравство на Република Северна Македонија**, ул. 50-та Дивизија бр. 14, 1000 Скопје, Република Северна Македонија, застапувано од Министер Доц. д-р Венко Филипче
(во понатамошниот текст „**Договорен орган**") од една страна,
и
**Б. Друштво за трговија и услуги СОНИКС АНАСТАСИЈА ДООЕЛ увоз-извоз Скопје**, ул. Душко Бојковски бр. 4, 1000 Скопје, Република Северна Македонија, со ЕМБС: 4772989 и ЕДБ: 4030993229998 застапувано од Весна Дудеска (во понатамошниот текст „**Носител на набавката**") од друга страна.

Составен дел од овој Договор е:
- Тендерската документација и техничката спецификација објавена со оглас бр. 20-2837/4 од 10.04.2020 година;
- Понудата на Носителот на набавката бр. 20-2837/19 од 24.04.2020 година

## II. ПРЕДМЕТ НА ДОГОВОРОТ

**Член 1**

Предмет на овој Договор е набавка на стоки – **нова медицинска опрема – два РТГ мобилни апарати**, врз основа на Одлука за спроведување на постапка за доделување на договор за јавна набавка на стоки, бр. **20-2837/3 од 10.04.2020** година, спроведена постапка со преговарање без објавување на **оглас бр. 20-2837/4 од 10.04.2020** година и Одлука за избор на најповолна понуда бр. **20-2837/22 од 04.05.2020** година, а согласно тендерската документација, техничката спецификација и Понудата на Носителот на набавката, како задолжителни и составни делови од овој Договор.

Носителот на набавката, според спецификацијата на за доделување на договор за јавна набавка на стоки - нова медицинска опрема – два РТГ мобилни апарати, треба да ги испорача следните делови:

| ДЕЛ | Опис | ЕМ | Кол. | Единечна цена без ДДВ | Вкупна цена без ДДВ | ДДВ | Вкупна цена со ДДВ | Производител | Земја на потекло |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | **РТГ мобилни апарати** | Парче | 2 | 5.200.000 | 10.400.000 | 1.872.000 | 12.272.000 | Drgem, Topaz-32D | Кореја |

## Техничка спецификација

- Општи карактеристики на апаратот:
- Дигитален мобилен апарат на тркалца наменет за радиографски снимки Ротација на телескопски носач на РТГ цевка +/-180° Ротација на РТГ цевка -30 ~ +90°
- Максимална одалеченост на фокусот на цевката до подот 199 cm
- Максимална висина на апаратот во тек на транспорт 130 cm
- Максимална ширина на апаратот 58.3 cm
- Рачен прекинувач за експонирање
- Максимална маса на апаратот 520кг
- Антибактериски премаз
- Генератор
- Максимум mAs во еден час
- 400 mAs о Подесување на kV во мин.
- опсег од 40 – 125 kV во чекори од 1 kV
- Време на експозиција во минимален опсег од 0.01 -10 сек
- Рамен детектор
- A-si детекторска технологија со GOS
- Големина на пиксел 139 µm
- Длабочина на аквизиција 16 bit
- Димензија на активна површина на детектор мин.
- 460mm x 460mm x 15mm
- Тежина на детектор со батерија 4.3 кг
- Можност за делумно оптеретување 150кг
- Матрица на детектор 3072 x 3072 пиксели
- Максимум оптеретување на детекторот 300кг
- Полнач на батерија и 3 батерии за рамен детектор
- Водоотпорен
- Антибактериски премаз на детекторот
- " РТГ цевка и колиматор
- Големина на фокус минимум 1.2мм
- Топлинска дисипација на анода 300HU/s
- Топлински капацитет на РТГ цевка минимум 140 kHU
- Колиматор со ротација мин. 240°
- Јачина на светлосен покажувач на колиматорот 200 lx
- Филтер 1.2mm Al
- Максимално поле на радијација 47x47cm
- Систем за аквизиција и управување
- Систем за регистрација на пациенти и администрација на податоци
- Можност за селекција на анатомски регии на снимање
- Приказ на прва снимка во максимум 3 секунди
- Приказ на обработена слика во максимум 9 секунди


Министерство за здравство на Република Северна Македонија
Ул. „50 Дивизија“ бр. 14, Скопје Република Северна Македонија
+389 2 3112 500
www.zdravstvo.gov.mk

- Циклус на експозиција 10 секунди
- Време на полнење на апаратот (од празен до полн) 4 часа

## III. ЈАЗИК НА ДОГОВОРОТ

**Член 2**

Јазик на Договорот и на другите документи кои претставуваат составен дел на Договорот, е Македонскиот јазик.

Јазик на целата комуникација во писмена форма помеѓу договорните страни е на Македонски јазик.

## IV. ВРЕДНОСТ НА ДОГОВОРОТ

**Член 3**

Вкупната цена на предметот на набавка, без вклучен ДДВ, изнесува **10.400.000,00** денари. Вкупна вредност на ДДВ изнесува 1.872.000,00 денари. Вкупна вредност на предметот на набавка со вклучен ДДВ изнесува **12.272.000,00** денари.

## V. ВРЕМЕТРАЕЊЕ НА ДОГОВОРОТ

**Член 4**

Договорот се склучува со времетраење до целосно исполнување на обврските од двете договорни страни.

## VI. ДИНАМИКА И НАЧИН НА ИСПОРАКА НА СТОКАТА

**Член 5**

Носителот на набавката е должен да го испорача и инсталира предметот на набавка веднаш за првиот апарат кој го поседува на лагер, а рокот за испорака на вториот апарат е 10 дена од потпишувањето на овој договор.

Рокот на испорака е задолжителен согласно Изјавата бр. 20-2837/14 од 23.04.2020 година дадена од страна на одговорното лице на економскиот оператор.

Испораката на стоката се смета за извршена по потпишувањето на Записникот за примопредавање од овластени претставници од Јавната здравствена установа, Носителот на набавката и Министерството за здравство.

Доколку Носителот на набваката не го испорача предметот на набавката во дадениот рок и со тоа ја прекрши изјавата за сериозност на понудата, договорниот орган во ЕСЈН ќе објави негативна референца што резултира со исклучување на Носителот на набавката од сите идни постапки за јавни набавки во период од шест месеци од денот на објавувањето.

Доколку овластените лица од Договорниот орган констатираат дека опремата не е инсталирана согласно техничките спецификации, Носителот на набавката ќе треба да ја инслатира согласно техничките специфкации на свој трошок, во спротивно ќе бидат активирани калузулите за издавање на негативна референца, договорна казна и надомест на штета.


Министерство за здравство на Република Северна Македонија
Ул. „50 Дивизија“ бр. 14, Скопје Република Северна Македонија
+389 2 3112 500
www.zdravstvo.gov.mk

## VII. ДОГОВОРНА КАЗНА ЗА ЗАДОЦНУВАЊЕ ИЛИ НЕИСПОЛНУВАЊЕ НА ДОГОВОРОТ

**Член 6**

Во случај на доцнење со испораката на предметот на набавка од страна на Носителот на набавката, Договорниот орган има право на надомест на штета и договорна казна.

Договорната казна се определува во висина на 0,3% од вкупната цена определена со член 3 од овој Договор, за секој ден на доцнење.

Договорната казна не може да надмине 3% од вкупната цена определена со член 3 од овој Договор.

Во случај на став 1 од овој член, Носителот на набавката е должен да му ја надомести штетата на Договорниот орган.

Договорниот има право да бара договорна казна и кога нејзиниот износ ја надминува висината на штетата што ја претрпел, како и кога не претрпел никаква штета. Ако штетата што ја претрпел Нарачателот е поголема од износот на договорната казна, тој има право да бара разлика до целосниот надомест на штетата.

## VIII. ИЗГОТВУВАЊЕ И ДОСТАВУВАЊЕ НА ФАКТУРАТА

**Член 7**

При изготвувањето на фактурата, Носителот на набавката е должен да ги наведе следните елементи:

- назив на Договорниот орган, место, седиште, даночен број;
- број и датум на Договорот;
- количини со опис на стоката, дефинирани по елементи како во член 1 од договорот;
- единечни договорни цени на секој од елементите;
- вкупни цени по елементи;
- вкупна цена на фактурата;
- други зголемувања или намалувања, согласно со договорните услови (камати, пенали, разлики на цени и сл.);
- валута на плаќање.

## IX. НАЧИН, УСЛОВИ И РОКОВИ НА ПЛАЌАЊЕ

**Член 8**

Договорниот орган се обврзува плаќањето на Носителот на набавката да го врши на следниов начин : вирмански во рок од 15 дена по испорака и пуштање во употреба на предметот на набавка, со уредно доставување на фактура која треба да биде одобрена од договорниот орган и испратвница од страна на Носителот на набавката и Министерсто за здравство на РСМ. Наведениот начин на плаќање ќе биде спроведен доколку медицинската опрема се испорача и инсталира во пропишаниот рок.

За уредно доставена фактура се смета фактура за испорачана стока која


Министерство за здравство на
Република Северна Македонија
Ул. „50 Дивизија“ бр. 14, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3112 500
www.zdravstvo.gov.mk

содржи Записник за примопредавање, составен по целосна испорака и инсталирање на предметот на набавка, потпишан од овластени претставници од Јавната здравствена установа каде се врши испораката, носителот на набавка и Министерството за здравство.

## X. ОБВРСКИ НА НОСИТЕЛОТ НА НАБАВКАТА

**Член 9**

Носителот на набавката е должен да ја испорача и инсталира стоката, во времето и на местото предвидено со овој договор.

**Член 10**

Носителот на набавката е должен да ја испорача стоката на Договорниот орган во исправна состојба.

**Член 11**

Носителот на набавката, со предавање на предметот на набавка е должен да обезбеди одржување со техничка помош и да изврши обука на лицата кои ќе работат со предметната опрема.

**Член 12**

Трошоците на предавањето, како и оние што му претходат, како и трошоците за инсталација на предметот на набавката ги поднесува Носителот на набавката.

## XI. ОБВРСКИ НА ДОГОВОРНИОТ ОРГАН

**Член 13**

Договорниот орган е должен да ја плати договорената цената на Носителот на набавката, по испорака на стоката на начин и во рок утврден во член 8 од овој Договор.

**Член 14**

Договорниот орган е должен да ги изврши сите потребни дејствија за да биде возможно предавањето на стоката.

## XII. ПРИМЕНЛИВ ЗАКОН

**Член 15**

Врз сите евентуални спорови кои би произлегле од овој Договор, ќе се применуваат важечките прописи на Република Северна Македонија.

## XIII. ВИША СИЛА

**Член 16**

Виша сила претставуваат надворешни и вонредни околности кои не постоеле во моментот на склучувањето на овој договор, не можеле да се предвидат и настанале без волја и влијание од договорните страни, а нивното настанување и последиците не можеле да се спречат со мерки и средства кои во конкретната ситуација можела оправдано да се бара и очекува од договорните страни што се погодени од или со виша сила и поради тоа не би било можно исполнување на


Министерство за здравство на Република Северна Македонија
Ул. „50 Дивизија“ бр. 14, Скопје Република Северна Македонија
+389 2 3112 500
www.zdravstvo.gov.mk

обврските одредени во договорот.

Вонредните околности, кои можат да бидат причина за барање на промени или раскинување на договорот и за кои се смета дека се причинети од виша сила, можат да се сведат на следното: војна, побуна, ембарго, општа мобилизација и природни непогоди како што се поплави, потреси и пожари кои се непосредно поврзани со производството и испораката на предметот на набавката од овој договор.

Додека трае вишата сила, привремено се прекинуваат обврските на Набавувачот и Носителот на набавката, т.е. нема да се применуваат санкциите поради неисполнување на договорните обврски во предвидениот рок.

Носителот на набавката нема да биде одговорен за делумно или целосно неизвршување на договорот, ако тоа е резултат на настани од виша сила.

Ако настане состојба на виша сила, носителот на набавката веднаш писмено ќе го извести Договорниот орган. Освен, ако не е писмено наложено од Договорниот орган, носителот на набавката ќе продолжи и понатаму да ги извршува договорните обврски додека тоа е изводливо и ќе ги бара сите можни алтернативни начини за извршување на договорот, што нема да биде спречено од виша сила.

## XIV. ГАРАНТЕН ПЕРИОД, СЕРВИСИРАЊЕ И ОБУКА

### Член 17

Носителот на набавката е должен да обезбеди гаранција на опремата од најмалку 12 (дванаесет) месеци, сметано од денот на испорака и инсталирање на предметот на набавка, во кој период е должен да врши бесплатен сервис и бесплатна замена на резервни делови за медицинската опрема.

Носителот на набавката е должен да обезбеди стручен технички персонал, кој ќе изврши инсталација, одржување со техничка помош и обука на лицата кои ќе работат со опремата.

## XV. ОБЕШТЕТУВАЊЕ

### Член 18

Договорните страни се должни да ги исполнат обврските кои произлегуваат од овој Договор.

Кога една од договорните страни не ќе ја исполни обврската или ќе задоцни со нејзиното исполнување, другата договорна страна има право да бара и надомест на штетата што ја претрпел поради тоа.

Договорната страна одговара и за делумната или целосната невозможност за исполнување иако не ја криела таа невозможност ако настапила по нејзино доаѓање во задоцнување за кое одговара.

Во случај на измама или намерно неисполнување, како и неиполнување поради крајно невнимание, Договорниот орган има право да бара од Носителот на набавката надомест на целокупната штета што настанала поради повреда на договорот, без оглед на тоа што Носителот на набавката не знаел за посебните околности поради кои настанале тие.


Министерство за здравство на
Република Северна Македонија
Ул. „50 Дивизија“ бр. 14, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3112 500
www.zdravstvo.gov.mk

Договорната страна се ослободува од одговорноста за штетата ако докаже дека она што е предмет на обврската случајно би пропаднало и кога таа својата обврска би ја исполнил на време.

**Член 19**

Договорната страна се ослободува од одговорноста за штетата ако докаже дека не можела да ја исполни својата обврска, односно дека задоцнила со исполнувањето на обврската поради околности настанати по склучувањето на договорот кои не можела да ги спречи, отстрани или избегне.

## XVI. ОДГОВОРНОСТ ЗА НЕДОСТАТОЦИТЕ

**Член 20**

Носителот на набавката одговара за материјалните недостатоци на медицинската опрема што истата ги имала во моментот на преминувањето на ризикот врз Договорниот орган, без оглед дали тоа му било познато.

Носителот на набавката одговара и за оние материјални недостатоци што ќе се појават по преминувањето на ризикот врз Договорниот орган ако се последица од причина што постоела пред тоа.

Незначителниот материјален недостаток не се зема предвид.

**Член 21**

Кога по приемот на медицинската опрема од страна на Договорниот орган ќе се покаже дека истата има некој недостаток што не можел да се открие со вообичаениот преглед при нејзиното преземање (скриен недостаток), Договорниот орган е должен, под закана на губење на правото, за тој недостаток да го извести Носителот на набавката во рок од осум дена, сметајќи од денот кога го открил недостатокот, а кај трговски договор без одлагање.

Носителот на набавката не одговара за недостатоците што ќе се покажат откако ќе изминат шест месеци од предавањето на медицинската опрема.

## XVII. РЕШАВАЊЕ НА СПОРОВИ

**Член 22**

Договорниот орган и Носителот на набавката ќе ги вложат сите напори за договорно, директно и неформално решавање на било какво несогласување или спор што ќе произлезе помеѓу нив во врска со извршувањето на овој договор.

Сите евентуални спорови и недоразбирања кои би произлегле од овој Договор, договорните страни ќе ги решаваат во духот на добрите деловни обичаи со меѓусебно договарање, во спротивно надлежен за решавање на сите евентуални спорови е Основниот Грѓански Суд - Скопје.

## XVIII. УСЛОВИ ЗА ПРЕКИНУВАЊЕ ИЛИ РАСКИНУВАЊЕ НА ДОГОВОРОТ

**Член 23**

Кога една од договорните страна не ќе ја исполни својата обврска, другата договорна страна, може да бара исполнувањето на обврските или да го раскине договорот, а во секој случај има право на надомест на штетата.

**Член 24**

Ако носителот на набавката не ја исполни својата обврска во определениот рок, договорниот орган ќе го раскине овој договор, ќе го раскине договорот, ќе ја активира изјавата за сериозност на понудата и одредбите од член 6 за договорна казна поради неисполнување на обврските од овој договор.

**Член 25**

Со раскинувањето на договорот двете договорни страни се ослободени од своите обврски, освен од обврската за надомест на евентуалната штета.

## XIX. ЗАВРШНИ И ОПШТИ ОДРЕДБИ

**Член 26**

Договорните страни можат да ги дополнат и/или изменат одредбите од овој договор само спогодбено. Договорната страна која бара измена и/или дополнување е должна своето барање до другата страна да го достави во писмена форма.

Одредбите од овој договор можат да се изменат и/или дополнат со склучување на Договорот за изменување и дополнување на основниот Договор.

Дополнувањата и измените на овој договор се важечки ако се направени во писмена форма и ако се потпишани од двете договорни страни.

**Член 27**

Ниту една договорна страна нема право своите обврски да ги пренесе на трета страна, без взаемна писмена согласност.

**Член 28**

Овој Договор е составен во 6 (шест) примероци, од кои секоја страна задржува по 3 (три) примерока и стапува во сила со денот на неговото склучување.

**Договорни страни:**

| | |
|---|---|
| **Договорен орган** | **Носител на набавката** |
| **Министерство за здравство на РСМ - Скопје** | **СОНИКС АНАСТАСИЈА ДООЕЛ увоз-извоз Скопје** |
| **Министер** | **Одговорно лице** |
| **Доц. д-р Венко Филипче** | **Весна Дудеска** |
| ......................... | ......................... |


Министерство за здравство на Република Северна Македонија
Ул. „50 Дивизија" бр. 14, Скопје Република Северна Македонија
+389 2 3112 500 www.zdravstvo.gov.mk